# МОЈА ДУНДА МОЈА ФИРМА

## МАНИФЕСТО





# МОЈА ДУНДА МОЈА ФИРМА
ПОДКАСТ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА

Текстови и фотографии: Етна, Strawberry, Марија, Мина, Јофи и Ванда
Графички дизајн: Пеѓа Радојевиќ

# СОДРЖИНА

## 1

МОЈА ДУНДА МОЈА ФИРМА - Манифесто

## 2

МДМФ - Подкаст

Кои Сме Ние? /Чии гласови?
Што сакаме да постигнеме?
На кој начин?
Зошто подкаст?

# 1

# МОЈА ДУНДА МОЈА ФИРМА  - Манифесто

Моја дунда моја фирма - МДМФ е слоган кој е јасен сам по себе: моето тело моја работа. Мојата ... дунда – моја фирма.

Можам да го негувам, казнувам, покажувам, наговестувам. Можам да го тргнам од видикот, од очиглед на повеќето, можам да го украсам нагласам, до екстравагантност, до апсурд, до виц, открија. Можам и двете во исто време. Можам двете наизменично. Можам да го ранам, натовам и зголемам, да го пополнам, збогатам во обилноста.
Можам да го навежбам до граници на роботоидна натчовечка супериорност, во силата, брзината. Можам и двете, одеднаш или наизменично. Можам да го прогласам за тивок партнер, може да биде епицентарот на моето постоење доколку потфрли, од раѓање, или „по заслуга„ или случајно.
Може да биде се што сака, може да биде која сака, кога сака и кој сака кога му се сака. Може да биде тој и таа одеднаш и наизменично.
Може да биде и моја професија: како спортист, како адвокат за лица со хендикеп, како уметничко око и потег, хируршки раце, џез солист, актерски камелеон. Може да биде извор и центар на сексуално ослободување. И во сите овие инстанци, луѓето со самото тоа заслужуваат почит.

Зошто едните се почитувани, славени, а другите истуркани на границите на општеството. И физички, и буквално.
Зошто се обвиени во ноќ, тајновитост, во

срам, и табу? Затоа што се дехуманизирани!
Подкастот ги собира овие наши сограѓани, на маса, да го споделат своето секојдневие, и со самиот акт на кажување на своите приказни, на добивање на глас, е радикален и инструментален за да се хуманизираат, разберат. За да конечно можат да добијат „пристапница„ кон човештвото во својата слава.

Подкастот еден од совршените медиуми за тој глас без продукција, без сценарио, без позајмен глас навистина ги слушнеме, и ги сфатиме, нашите сограѓани, кои меѓу другите работи се и сексуални работници.
Да дознаеме што значи да бидеш сексуален работник во Македонија во 21 век. Расчекорени помеѓу што може да биде и што е.

Да дознаеме кои се предизвиците и проблемите, кои се желбите, да дознаеме многу работи кои не знаеме дека не ги знаеме.

И во тој процес на запознавање, и повлекување на оваа група на луѓе на местото кое со секое право го заслужуваат , се забавуваме во колоритноста и живоста, и искуствата кои се уникатни, во многу што, но и во тоа што едвај се слушнати надвор од нивниот внатрешен круг.


МА
НИ
ФЕС
ТО





# 2

МДМФ - Подкаст

## Кои Сме Ние? /Чии гласови?

Во Велес како дел од проектот кој се одвиваше во првото полугодие на 2020 „Пристап до правда за најмаргинализираните“ се одвиваше работилница за продукција и конципирање на подкаст: аудио дигитален запис, сличен на радио емисии но и по многу нешта различен – сексуалните работнички преку тој медиум се учеа да разговараат на начин кој е перформативен а се́ за цел да се истакнат условите во кои што работат, и во процесот да работат на минимазирање или идеално целосно дестигматизирање на сексуалните работнички и нивната работа. Од овие вежби со добивање на моментум, произлезе и првата епизода на подкаст кој настапи со работното име име На доручек со Miss Strawberry (МДМФ), и објаснија „ Подкастот е интервју помеѓу Miss Strawberry (МДМФ) и нашите правнички Марга и Милка, кои ќе ви дадат совети за тоа како да се заштитите од родово базирано насилство, каде да пријавите, како ХОПС може да ви помогне додколку сте сексуална работничка изложена на насилство и каква правна помош може да побарате од нас.„



ОТКАКО ЈА ЗАКЛУЧИВМЕ ПИЛОТ ЕПИЗОДАТА ЈАСНО СТАНА, ДЕКА „ФИРМАТА„ МОРА ДА ПРОДОЛЖИ ДА РАБОТИ, СО ИСКЛУЧИТЕЛНО МОТИВИРАН ТИМ, БЕЗ ШТО (МОТИВАЦИЈА И ЕНТУЗИЈАЗАМ) НИШТО ВРЕДНО ЗА СПОМНУВАЈЕ НЕ Е ВОЗМОЖНО.

## Што сакаме да постигнеме?

Доколку во формален документ наведеме дека на крајот на краиштата: сакаме да се забавуваме, преку разговори да ги преживуваме, и процесираме многу од случките со кои се сретнуваме – би делувало сосема неозбилно и недостојно за дискутирање. Со ризик да се случи токму тоа најлошо можно сценарио, ви кажуваме: имаме намера да се забавуваме преку разговорите, или барем да развиеме пристоен „вајб„ – но не како цел сама по себе, туку како начин преку кој ќе дојдеме до цел - известување, информирање, доближување на ликовите и личностите на сексуалните работници, хуманизирање. Како прво, наративот, во својата суштина, знае да ги врзе човековото размислување, мотивираност на човековите постапки на начин на кој „суви„ информации и дата, би можело, дури и за најталентираните математичари, економисти, сите оние кои ги разбираат статистиките.

## На кој начин?

Петмина сексуални работнички ќе ја преземат штафетата од Мис Стробери, и откако слушателите ќе бидат запознаени со нив во воведните емисии/емисија, ќе се опробаат и како подкастерки, во неделни 30 до 60 минутни емисии, на сите платформи каде подкастите би можеле да бидат пласирани. Сексуална работа за време на ковид, рутината на шминкање, секс на дрога, приказни и портрети, проблеми кои произлегуваат со муштериите, како комуницираат домашниот приватен живот со сексуалната работа, искуство со насилство дома и на работа, однос со полицијата – се само некои од темите кои сами се наметнуваат како водечки, и горливи прашања. Овие теми не само што сведочат за условите за работа во втората декада на 21 век Скопје, на овие луѓе, туку и до кој степен квалитетот на живот не само што трпи туку е сериозно нарушен и со тоа задира во теми кои наизглед се забавни и интригантни, но кажуваат на начин кој никако не е двосмислен дека е прашање на човекови права.



## Моќта на кажувањето приказни

Активистите, посебно оние од ерата на цивилните слободи и права инсистираат до ден- денес на важноста да се преземе наративот во сопствени раце.
Ние не гледаме многу прилики, да го кажеме своето, толку идеални како што е идеален форматот на подкастот.
Нашите идентети не се компромитирани и имаме комплетна контрола над тоа колку и што од нас се пласира во јавноста.

Јавноста во овој момент ја доживуваме како змеј којшто треба да се скроти. Но сепак змеј, кој може да биде фатален во најбуквален начин.

Нашата професија е од оној тип на професии кои се и calling.
Нашите идентитети се тесно врзани со нашата работа, нашата фирма.
Ние сме актуелизирани преку нашата професија, до степен и ниво, ретко толку тесно испреплетен со самото ткиво на животот. Можеби нешто помеѓу војници и љубовници, акт на балансирање.

Толку е тесно испреплетен, што почнува да гуши, стануваме премногу големи за таа тесна кожа: паранојата е факт на животот и секојдневието, кој колку што знае. Насилството е факт на животот и секојдневието: не знаеме ударот од која страна доаѓа. Сето ова како резултат на сексуалната работа. .

Но не е симболично: нашата цел е да стигне до барем иљјадници преслушувања кои со тимска работа (споделување на социјалните мрежи на тимот и организациите кои нé поддржуваат, впарено со интересни, забавни, искрени, анимирачки содржини ќе биде лесно да се постигнат) веќе ја поместуваме иглата и ја менуваме приказната која е раскажана во наше име. Нема свет надвор од јазикот – приказните, нарациите и наративите се тие што даваат смисла, ред и поредок на она што го гледаме и доживуваме.
Доколку имаме шанса да кажеме кои сме, зошто сме, да одговориме на прашања околу комплексностите на нашето секојдневие: како се заштитуваме, како се спремаме, како заработуваме, каде заработуваме, каков ни е односот со нашите клиенти, каков е нашиот живот надвор од таа работа, како работата влијае на животот надвор од нејзе – се прашања и одговори кои сме расположени да ги споделиме.

Приказната која е раскажана во наше име, која доминира е – библиска. И покрај тоа што работиме, живееме, ги опслужуваме луѓето кои ја цементираат. Со раскажување на нашите приказни, приказните со нас, се надеваме дека ќе ги тргнеме во голем дел морализирањата со давање на димензија и хуманизирање – иронично, уште една библиска приказна.


НАШИТЕ ИДЕНТИТЕТИ СЕ ТЕСНО ВРЗАНИ СО НАШАТА РАБОТА, НАШАТА ФИРМА.
МДМФ
ПОДКАСТ

## Глобални текови

На глобално ниво, сексуалната работа е нормализирана. Хитот на ужасната 2020 е WAP на Cardi B (и самата горда сексуална работничка, поранешна стриптизета) и Meg Thee Stallion. Разбранува многу страсти, дури и во моментот кога го пишувам ова, Снуп Дог повикува жените да бидат скромни и да го чуваат дијамантот од Нил(?) како мистерија, да не ја откриваат дундата, дури ни во зборови. Тоа е во контраст не само со неговата сопствена кариера и однесување(контраст кој го спомнавме но се надеваме дека ќе го изнијансираме преку едноставната стратегија и комплексната уметност на раскажување приказни) туку и со она што се случуваше реално, во голем интензитет – отпуштања, пропаѓања на бизниси, полициски часови, привремени затворања – сето тоа дојде ненадејно, а жените кои заработуваат „60центи на долар„ – во Македонија соодносот е 50-50% беа посебно погодени.

Од друга страна, локално, освен повремените опаски на твитер на тема онлифанс, се чини дека сексуалните работници се сосема изолирани од овие прилики и можности. Конзервативното општество, кои во речиси ниту еден сегмент, дури и оние кои декларативно се меѓу попрогресивните и либералните, се чини дека немаат капацитет за разбирање на оние од нас кои ја работиме оваа работа. Како знаеме?

Реакцијата на самата фраза „сексуална работничка„ – смеење кое нé банализира. Реакциите на активизмот. Кон самото голо тело, дури и кога не е сексуализирано.



МДМФ
ПОДКАСТ

# МОЈА ДУНДА
# МОЈА ФИРМА

Сето тоа што го организиравме низ годината, креативните работилници, акциите за и од заедницата на сексуалните работници/чки ми покажаа колкав голем креативен потенцијал имаат тие. Глумата, перформансите, видеата, сето тоа на ниво на професионалност и ангажман за почит! Верувам дека секој од нас треба да има можност да го развие својот потенцијал и со вистинската дадена шанса да се реализира во она што сака и што го прави среќен. Да не кажам, има место за сите нас под сонцето и треба еднакво да нè грее!

Тања Стоименовска – Проектна координаторка, ХОПС - Опции за здрав живот Скопје

# МАНИФЕСТО

Манифесто е реализиран во рамките на Проектот: „Пристап до правда за најмаргинализираните", кој го спроведуваат Фондацијата Отворено општество - Македонија, ХОПС-Опции за здрав живот и Здружение за правна едукација и транспарентност - Станица ПЕТ, финансиран од Европската Унија.

Содржините на онлајн разговорот се единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не ги изразува гледиштата на Европската Унија.

Проектот е финансиран
од Европската Унија

